СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1981/2021
Дата...03.-01.-2022

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на **Министерство за транспорт и врски** се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на 35 kV кабелски подземен вод, за поврзување на новопланирана ТС 35(20)/0,66 kV, ТС 35(20)/0,48 kV и ТС 35(20)/0,4 kV трафостаница на КП 352/1 и КП 352/2, со постоечка трафостаница ТС 35/10 kV на КП 290, КО Долни Балван, Општина Карбинци.**

Предвидената траса ги опфаќа КП 352/1, КП 352/2, минува низ дел од КП 697, дел од КП 698, дел од КП 291, дел од КП 292/2 и завршува на КП 290, КО Долни Балван, Општина Карбинци, должината на трасата за поставување на кабелскиот вод е 1174 метри.

Предвидената траса тангира со веќе издадени Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 444, КП 445, КП 456 и КП 457, КО Долни Балван, Општина Карбинци, со тех. бр. 04221 и издадено Решение бр. УП1 – 15 590/2021 од 26.04.2021 год.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

<u>Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согласност со Просторниот план на Република Македонија.</u>


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. **Y16721** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изградба на 35 kV кабелски подземен вод, за поврзување на новопланирана ТС 35(20)/0,66 kV, ТС 35(20)/0,48 kV и ТС 35(20)/0,4 kV трафостаница на КП 352/1 и КП 352/2, со постоечка трафостаница ТС 35/10 kV на КП 290, КО Долни Балван, Општина Карбинци, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за изградба на 35 kV кабелски подземен вод, за поврзување на новопланирана ТС 35(20)/0,66 kV, ТС 35(20)/0,48 kV и ТС 35(20)/0,4 kV трафостаница на КП 352/1 и КП 352/2, со постоечка трафостаница ТС 35/10 kV на КП 290, КО Долни Балван, Општина Карбинци, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Органот кој го подготвува планс киот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.



Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk